Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57- 8**
**Датум: 27.1.2021 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | физичко лице од с. Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на сметка на субјектот | |
| Банка депонент | НЛБ АД, Скопје |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме од с. Скопје | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 22.1.2021 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 25.1.2021 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.00 | |
| Назив на објектот - инсталацијата каде се врши надзорот | Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Иницијатива бр. 18-14108/1 од 25.12.2020 година од Одделението за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност при Секторот за дејности од областа на културата и уметноста.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 40.000 денари, од одобрени 180.000 денари, согласно со Договорот бр. 20-4523/1 од 8.4.2020 година и Анекс Договорот бр. 20-4523/5 од 24.7.2020 година за учество во финасирање на Проектот – Албиинтернационал 2020, од национален интерес во културата од областа на фолклор и сценско-уметничката дејност за 2020 како и доставување на финасиски извештај до МК. Со Решение за преведување на средства бр. 20-4523/3 од 1.7.2020 г., на министерот за култура на 14.7.2020 г., преку Авторската агенција „Веда“ од Скопје, на корисникот за проектот „ Албиинтернационал 2020 “ преведени му биле 35.588 денари во нето износ.

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| корисник | | |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

8)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на корисникот- субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

9) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба**:

За трошењето на преведените програмски средства во износ од 35.588 денари од Буџетот на РСМ преку МК, за Проектот - „Албиинтернационал 2020", од презентираната документација при инспекцискиот надзор, утврдено е следното:

Според Оперативниот и финасиски план за користење на буџетските средства за реализација на Проектот, што е составен дел на Договорот, а кој што корисникот со Барање за преведување на средства ги доставил до МК на 29.5.2020 година, предвидено било Проектот да се реализира на 15 август 2020 година, на плоштадот во Општина Сарај, а бараните средства да бидат потрошени за исплата на хонорари за организација на фестивалот на четири лица и за печатење и подготовка на пропаганден материјал.
Според презентираната документација, односно банковен извод од трансакциската сметка на корисникот, преведените средства во износ од 35.588 денари од Буџетот на РСМ преку МК, корисникот ги потрошил за следното:

-17.794 денари за исплата на хонорар за извршување на работни задачи за организација на фестивалот на трансакциска сметка на лицето по Договор склучен на 28.5.2020 година и;

-17.794 денари, за исплата на хонорар за извршување на работни задачи за организација на фестивалот на трансакциска сметка на лицето по Договор склучен на 28.5.2020 година;

- 4.412,00 денари, персонален данок и банкарска провизија;

При надзорот не се презентирани други трошоци за исплата на хонорари за уште две лица и со кој што корисникот исто така склучил

договори за учество во реализација на Проектот, ниту трошоци за изработка на пропаганден материјал, како што е побарано, односно наведено во оперативниот и финасиски план за реализација на Проектот.
Според изјавата на присутното лице на 4.8.2020 г., до МК доставено е Барање за преведување на преостанатиот дел од одобрените средства со Оперативен и финансиски план за користење на средствата за горенаведените намени за реализација на Проектот, но средствата не биле преведени од страна на МК и од таа причина корисникот не бил во можност да ја изврши исплатата на средствата за хонорари и за печатење.

11) Констатирано е дека корисникот до надлежниот Сектор за дејности од областа на културата и уметностите на МК, нема доставено наративен и Финансиски извештај на соодветен Образец за извештај за реализиран проект во областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, во рокот предвиден со членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот, според којшто корисникот е должен да достави извештај во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на Проектот. Имено, Наративен и Финасиски извештај е доставен на 23.12.2020 година.

Корисникот во делот за забелешки на страна број 2 од Извештајот има наведено дека во прилог на истиот се доставуваат дополнителни материјали (печатени материјали, примероци на публикации, аудио записи, фото и видео документација и сл.) кои ќе посведочат за реализација на проектот. Но, во конкретниот случај е утврдено дека во прилог на Извештајот се доставени фотографии од настан, односно проект организиран од друг субјект и финасиран исто така со средства од Буџетот на РСМ преку МК во 2020 година.
Оттука, се констатира дека Проектот „Албиинтернационал 2020 година" не е реализиран од страна на корисникот ı, а доделените средства од Буџетот на РСМ во износ од 40.000 денари се потрошени нанаменски, поради што инспекторот ќе преземе мерки согласно со Закон.

12) Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека Проектот– Проектот – Албиинтернационал 2020, од национален интерес во културата од областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност за 2020 година не е реализиран, а преведените средства во износ од 35.588 денари наменети за овој Проект, корисникот ги потрошил ненаменски.

Исто така, констатирано е дека корисникот до надлежниот Сектор за дејности од областа на културата и уметностите на МК, нема доставено наративен и Финансиски извештај на соодветен Образец за извештај за реализиран проект во областа на фолклорната и сценско-уметничката дејност, во рокот предвиден со членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот, според којшто корисникот е должен да достави извештај во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на Проектот со соодветна сметководствена документација во прилог, како доказ за трошењето на преведените средства за реализација на Проектот. Имено, извештај е доставен во текот на месец декември 2020 година.

Со оглед на горeконстатираните неправилности од Записникот ќе биде преземена инспекциска мерка:
- согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, **а во врска со член 79 став (2) точка 6 и член 83 став (1) од ЗИН**, на корисникот, **ќе му биде издадено решение со опомена за отстранување на констатираните неправилности, во определен рок.**
Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на инспекциската мерка опомена, инспекторот утврди дека неправилностите се уште не се отстранети, со решение изрекува инспекциска мерка наредба согласно со ЗИН.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен корисникот, односно субјектот на надзорот, кој што изјави дека нема забелешки на констатираното со записникот.

14)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:______________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на субјектот на надзор: корисник | | Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор | |
| Датум: 26.02.2021 | ___.1.2021 г. | Датум: | 21.1.2021 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk